Република Македонија
**Јавно претпријатие за државни патишта**

Врз основа на 27 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта и член 52 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

**Република Македонија**
**Јавно претпријатие за државни патишта**

**ЕМБС:** 6839673
ул.Даме Груев бр.14
1000 Скопје,
Република Македонија

**Тел.** (02) 3-228-454
(02) 3-118-044
**Факс:** (02) 3-220-535

Бр. 04-10507/11

Дата: 29.10.2018год.
Скопје

Одлука
за извршен избор на кандидат по Интерен оглас бр.3/2018
за пополнување на работно место со унапредување, заведен под број 04 –10507/2 од 09.10.2018 година во Јавното претпријатие за државни патишта

I. За пополнување на работно место со унапредување во Јавното претпријатие за државни патишта, по објавениот Интерен оглас бр.3/2018 на ден 16.10.2018 година, за работно место **Раководител на одделение за спроведување на постапките за јавни набавки,** во Секторот за јавни набавки, со шифра на работно место **КДР0102Б04058, 1 (еден) извршител**, избран е следниот кандидат:

- **Александар Тодоровски**

II.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција во постапката за унапредување формирана со Решение бр.04-10507/5 од 22.10.2018 година, по објавениот Интерен оглас бр.3/2018, заведен под број 04-10507/2 од 09.10.2018 година, а објавен на ден 16.10.2018 година за пополнување на работно место со унапредување во Јавното претпријатие за државни патишта, објавен на веб страната на Јавното претпријатие и на веб страната на Агенцијата за администрација, спроведе постапка во согласност со Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот за поднесување на пријава за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое

е објавен интерниот оглас ("Службен весник на РМ" број 11/15 и 35/18).

Според пристигнатите пријави на кандидатите за пополнување на работните места со унапредување и Записникот од спроведеното интервју, Комисијата изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на наведеното, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на на приемот на оваа Одлука.

Директор
Зоран Китанов

Доставено до:
- Одделение за човечки ресурси
- Именованиот
- Архива

Изработил: Роксанда Јованова
Контролирал/Одобрил: Сузана Атанасова